Пречистен текст
**(Неофицијален консолидиран текст)**

# ЗАКОН ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 25/99, 81/99, 49/2000, 6/2002, 31/03, 38/04 и 74/2005)

## Член 1

Со овој закон се уредува евиденцијата, управувањето, начинот и постапката на приватизација на државниот капитал во претпријатијата и банките, односно трговските друштва.

## Член 2

(1) Државен капитал во смисла на овој закон се смета учеството (трајните влогови) на Република Македонија, односно органите на државната власт, во вредноста на претпријатијата, односно трговските друштва, утврдено согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93 і 48/93), Законот за трансформацијата на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/96) и Законот за уредување на односите во врска со отплата на користени кредити од меѓународни финансиски организации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/94), влоговите на Република Македонија во вредноста на претпријатието согласно Законот за преструктуирање на претпријатијата кои во своето работење покажуваат загуби („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/95 и 65/95), Законот за санација и реструктуирање на дел од банките во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/95), како и капиталот стекнат по други основи во согласност со закон.

(2) Под државен капитал во смисла на овој закон се сметаат и побарувањата на Република Македонија, кои се претворени или ќе се претворат во траен влог во претпријатијата, односно трговските друштва и трајниот влог на јавните претпријатија основани од Република Македонија согласно со Законот за преструктуирање на претпријатијата кои во своето работење покажуваат загуби („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/95 и 65/95) .

(3) Одлука за претворање на побарувањата од став 2 на овој член во траен влог, донесува Владата на Република Македонија.

(4) Под државен капитал во смисла на овој закон се сметаат акциите и уделите на Република Македонија и органите на државната власт во претпријатијата и банките, односно трговските друштва стекнати по различни основи во согласност со закон.

## Член 2-а

Под органи на државна власт во смисла на овој закон се подразбираат корисниците и единките корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, агенции, фондови, со исклучок на Фондот за пензиско и инвалидското осигурување на Македонија, јавните установи, јавните претпријатија и други институции и организации кои вршат дејности од јавен интерес основани со средства во државна сопственост.

## Член 2-б

(1) Приватизацијата на претпријатијата и организациите во државна сопственост кои со закон е утврдено дека вршат дејности од јавен интерес, односно јавните установи и јавните претпријатија и трговските друштва основани со средства во државна сопственост, се врши согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, доколку со посебен закон поинаку не е уредено.

(2) Приватизацијата од ставот 1 на овој член ја спроведува Министерството за економија.

**Член 3**

За вредноста на државниот капитал претпријатијата, односно трговските друштва и издаваат на Република Македонија, односно на органите на државната власт обични акции, односно потврди за удели.

**Член 4**

(1) Евиденцијата на државниот капитал во претпријатијата и банките, односно трговските друштва во име и за сметка на Република Македонија ја води Централниот депозитар за хартии од вредност.

(2) Начинот и условите за вршење на работите од ставот 1 на овој член ќе се утврдат со договор меѓу министерот за финансии и Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 5**

(1) Со државниот капитал управува и располага Владата на Република Македонија.

(2) Остварувањето на правата од став 1 на овој член, Владата на Република Македонија ги врши преку Комисијата на Владата на Република Македонија за приватизација (во натамошниот текст: Комисија за приватизација).

(3) Комисијата за приватизација според овој закон ги има следниве надлежности:

- го предлага начинот на продажба на акциите и уделите стекнати по основа на државниот капитал, одделно и заедно со акциите и уделите издадени на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија;
- и предлага на Владата на Република Македонија да именува претставници во претпријатија, односно друштва во кои има акции и удели стекнати по основа на државен капитал ; и
- врши други работи утврдени со овој и друг закон.

(4) Организационите, административните и други стручни работи за потребите на Комисијата за приватизација ги вршат Министерството за економија и Министерството за финансии.

**Член 6**
(Се брише)

**Член 7**

Државниот капитал може да се приватизира заедно со општествениот капитал и одделно.

**Член 8**

Кога државниот капитал се приватизира заедно со општествениот капитал, заради реализација на избраниот модел на трансформација, соодвено се применуваат одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

**Член 9**

(1) На продажбата на државниот капитал изразен во акции и удели соодветно се применуваат одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, доколку поинаку не е уредено со овој закон.

(2) Почетната продажна цена на акциите и уделите, предмет на продажба ја утврдува Комисијата за приватизација во согласност со одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

(3) Продажбата на државниот капитал изразен во акции и удели во претпријатијата ја спроведува Министерството за економија, а продажбата на државниот капитал изразен во акции во банките и финансиските институции ја спроведува Министерството за финансии.

(4) Продажбата на акциите и уделите се врши во пакет или во делови, а налогот за продажба, кога продажбата се врши преку јавна берзанска аукција, го издава министерот за економија, односно министерот за финансии.

**Член 10**

(Се брише)

**Член 11**

(Се брише)

**Член 12**

Постапката за продажба на акциите, односно уделите поблиску ги пропишува Владата на Република Македонија.

**Член 13**

Акциите и уделите предмет на продажба согласно со овој закон се изразуваат во ЕВРА, а се плаќаат со:

- денари;
- странска валута кога купувачот е странско лице.

**Член 14**

(Се брише)

**Член 15**

Во купувањето на акции и удели можат да учествуваат домашни и странски, правни и физички лица.

**Член 16**
(Се брише)

**Член 17**

Средствата остварени од продажбата на државниот капитал се приход на Буџетот на Република Македонија.

**Член 18**

(1) Претпријатијата што ја завршиле постапката за трансформација на општествениот капитал во кои е утврдено постоење на државен капитал, должни се во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овој закон да издадат на Република Македонија акции, односно потврди за удели за вредноста на државниот капитал.

(2) Претпријатијата кои се во постапка на трансформација должни се пред запишувањето на трансформацијата во трговскиот, односно судскиот регистар, да и издадат на Република Македонија акции, односно потврди за удели за вредноста на државниот капитал, утврден во постапката за трансформација.

**Член 19**

Надзор на спроведување на овој закон врши Министерството за финансии.

**Член 20**

(1) Со парична казна од 200.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок претпријатието, односно трговското друштво ако не и издаде на Република Македонија акции, односно потврди за удели (член 18).

(2) Со парична казна од 35.000 до 40.000 денари за прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во претпријатието, односно трговското друштво.

**Член 21**

Прописите од членовите 4 и 12 на овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 21-а**

Постапките за продажба на акциите, односно уделите за кои не е склучен договор ќе продолжат по овој закон.

**Член 22**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

**Службен весник на РМ бр. 25/99:**

**Член 16**

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за приватизација на државниот капитал.

**Член 17**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

**Службен весник на РМ бр. 81/99:**

**Член 2**

Актите и преземените дејствија што настанале со примена на делот од одредбата на член 5 став 3 алинеја 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал („Службен весник на Република Македонија„ бр. 25/99), а кои со влегување во сила на овој закон престанува да важи, надлежните правни субјекти ќе ги усогласат со овој закон во рок од 30 дена од неговото влегување во сила.

**Член 3**

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за приватизација на државниот капитал.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

**Службен весник на РМ бр. 49/2000:**

**Член 4**

Отпочнатите и незавршени постапки на продажба на државниот капитал за „Фени„ преку непосредна спогодба со заинтересиран стратешки инвеститор, продолжуваат согласно со постојните одредби.

**Член 5**

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за приватизација на државниот капитал.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

**Службен весник на РМ бр. 6/2002:**

**Член 6**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

**Службен весник на РМ бр. 74/2005:**

**Член 10**

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за приватизација на државниот капитал.

**Член 11**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.